РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

**Бр. 02-83/4**
**Скопје,25.11.2025 година**

Записник од триесет и прва седница на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија одржана на 25.11.2025 година

Присутни:
г-дин м-р Башким Бесими – Заменик претседател
г-дин Фатих Алиу -член
г-дин Ардиан Демири -член
г-ѓа Душица Димитриеска -член
Г-ѓа Јелена Догазанска Колева -член
г-дин Љупчо Коцевски –член
г-ѓа Марјана Илиеска –член
г-дин Ермон Незири -член
г-ѓа Зорица Павловиќ -член
г-ѓа Светлана Стојковиќ -член

Заменик претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија г-дин Башким Бесими констатираше дека на седницата се присутни мнозинството членови на Советот, со што се исполнети условите за одржување на триесет и првата седница на Советот.

Заменик претседателот на Советот г-дин Башким Бесими ја отвори триесет и првата седница на Советот и воедно го предложи следниот:

**Дневен ред**

1. Разгледување и оценување на Годишните извештаи за работата на јавните обвинителства од подрачјето на ВЈО Скопје
2. Разгледување и оценување на Годишнитот извештај за работата на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција - Скопје
3. Донесување на одлука за објавување на оглас за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Скопје
4. Донесување на одлука за објавување на оглас за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Тетово
5. Донесување на одлука за формирање на Комисија за постапување по дисциплински предмети СОЖ бр.4 и СОЖ бр.5
6. Разно

Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љупчо Коцевски пред да се усвои дневниот ред кажа дека нема да учествува на седницата по точка 5 од дневниот ред, па предложи точка 5 да биде разно, а точка 6 да биде формирање на Комисии за постапување по дисциплинските предмети. Предлогот на јавниот обвинител на РСМ едногласно беше прифатен од страна на членовите на Советот по што вака изменетиот дневен ред едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Под точка еден од дневниот ред Заменик претседателот на Советот г-дин Башким Бесими и даде збор на Раководителот на ВЈО Скопје г-ѓа Наташа Крстевска Цалева.

Раководителот на ВЈО Скопје г-ѓа Наташа Крстевска Цалева во своето излагање ги запозна членовите на Советот со содржината на Годишниот извештај на ВЈО Скопје како и со извештаите на основните јавни обвинителства од подрачјето на ВЈО Скопје, и тоа ОЈО Скопје, ОЈО Куманово, ОЈО Гевгелија, ОЈО Кавадарци, ОЈО Велес и ОЈО Крива Паланка за 2024 година. Кажа дека извештајот претходно бил доставен до Советот на јавните обвинители на РСМ на запознавање и разгледување. Воедно ги запозна членовите на Советот со предизвиците и проблемите со кои се соочуваат јавните обвинителства од подрачјето на ВЈО Скопје, со недостатокот на јавни обвинители и стручен кадар. Воедно ги запозна членовите на Советот со бројот на приливот на предмети, сработени предмети и предмети кои се во работење, со структурата на кривичните дела, со бројот на сторители на кривични дела како на полнолетни и малолетни лица и со бројката на НН сторители на кривични дела, со бројот на решени и нерешени предмети, бројот на предлог спогодби, примена на чл.43 и чл.44 од ЗКП, со бројот на примена мерка притвор, бројот на жалби, бројот на предлози и сето тоа искажани низ бројки и проценти. Заклучи дека јавните обвинители во основните јавни обвинителства како и во ВЈО Скопје за извештајната 2024 година постапувале професионално, ажурно и стручно ја извршувале јавнообвинителската функција.

Збор зема г-ѓа Марјана Илиеска како координатор за подрачјето на ВЈО Скопје истакна дека ја следи работата на основните јавни обвинителства од ова подрачје. По однос на извештајот јавните обвинители кои што постапувале по предметите ажурно ја извршувале својата функција. Истакна дека извештајот ги содржи сите потребни податоци за постапувањето и работењето на сите јавни обвинители. Воедно даде забелешка во однос на чл.285 во ОЈО Скопје каде кажа дека не биле доставени податоци за истражни дејствија во смисла на испитување на сведоци, наредби за вештачења, така што нема јасен преглед на преземени истражни дејствија од подрачјето на ВЈО Скопје. Воедно наведе дека во ОЈО Гевгелија во 2024 година кога имало само еден јавен обвинител се водела евиденција и има податоци за сите преземени истражни дејствија во текот на 2024 година. Воедно постави прашање каде е проблемот во однос на ОЈО Скопје, зошто не се доставуваат таков вид на податоци, и второ прашање и забелешка наведе дека во ОЈО Куманово нема изјавено жалби за санкции. Постави прашање дали станува збор за некоја грешка или пак за квалитетни пресуди и дали јавните обвинители се задоволни од таквиот исход.

Раководителот на ВЈО Скопје г-ѓа Наташа Крстевска Цалева по однос на првото прашање по однос на ОЈО Скопје кажа дека долго време има работено во тоа јавно обвинителство и може да каже од кои причини нема податоци, а тоа е поради многубројноста на дејствијата, каде секој јавен обвинител во еден предмет презема многу дејствија и нема ниту во упусник да се евидентираат сите испитани сведоци со што таа бројка останува не покриена. Во однос на препознавање на лица кажа дека тоа се случува секојдневно и дека има посебна тетратка но нема посебен уписник каде што се води тековна евиденција, и смета дека таков вид на уписник би требало да се воведе во ОЈО Скопје. Во однос на ОЈО Куманово кажа дека статистичките податоци ги изготвуваат административните службеници, тука станува збор за преземени бројки од листите кои што се изготвуваат и таа бројка е нотирана и дадена од страна на Основното јавното обвинителство Куманово.

Збор зема г-ѓа Јелена Догазанска Колева како координатор за подрачјето на ВЈО Скопје, кажа дека Годишниот извештај за работата на основните јавни обвинителства од подрачјето на ВЈО Скопје, е добро изготвен, дека ги содржи сите потребни податоци кои се прикажани текстуелно и графички. Воедно го пофали примена на институтот за предлог спогодби, со оглед дека овој институт тешко се применува. Воедно даде забелешка во делот на отфрлени кривични пријави по лица поради застареност. Постави прашање дали станува збор за кривични дела по подносители е констатирана застареност или застареноста настапила во текот на работењето и преземањето на дејствијата од страна на јавните обвинители. Како втора забелешка примена на начелото на опортунитен примена на чл.44 од ЗКП.

Раководителот на ВЈО Скопје г-ѓа Наташа Крстевска Цалева кажа дека во однос на бројките за отфрлање на кривични пријави за застарување кажа дека сите бројки се водат по лица, а во однос на причината кога настанала застареноста, дали пријавата е доставена откако поминал рокот за застареност може да се донесат заклучоци само по проверка на предметите или пак доколку ќе задолжат јавните обвинителства да доставуваат посебно таков вид на податоци во која фаза настапува застареноста како новина во изготвувањето на извештаите, а во однос на чл. 44 од ЗКП кажа дека во ВЈО се одржал колегиум за примена на овој институт и било укажано дека овој институт се користи и за потешки кривични дела. Наведе дека сепак ова се статистички податоци и доколку се дискутабилни може да се проверат.

Г-дин Ермон Незири даде предлог поголемите јавни обвинителства како на пример ОЈО Скопје, ОЈО Битола, ОЈО Гостивар да се воспостави пракса да и јавните обвинители кои раководат со тие јавни обвинителства достават дополнителен извештај до Советот. Причината е тоа што станува збор за голем број на предмети и голем број на активности. Во однос на извештајот смета дека е добро изготвен и ќе гласа позитивно по истиот.

Г-ѓа Светлана Стојковиќ кажа дека Годишниот извештај на ВЈО Скопје за 2024 година е сеопфатен и детален со што се добива реална слика за работата на ВЈО Скопје и јавните обвинителства од ова подрачје. Потенцираше дека она што го имаше како забелешка за Годишниот извештај за 2023 година, во однос на неговиот заклучок, кој бил

сиромашен со сумарни податоци, сега во овој извештај тоа е земено во предвид така што заклучокот од овој извештај е видно подобрен, содржи сумарни податоци во однос на поединечните сегменти од работењето на обвинителствата од конкретното подрачје.

Г-ѓа Марјана Илиеска постави прашање по однос на предлозите од страна на Вишиот јавен обвинител за поднесените жалби и на што се должи поголемиот број на лица за кои е даден предлог да се одбијат жалбите на јавниот обвинител.

Раководителот на ВЈО Скопје г-ѓа Наташа Крстевска Цалева кажа дека секој предмет треба посебно да се проучува од причини што во јавното обвинителство постои хирархија и од кои причини вишиот јавен обвинител не ја подржал жалбата. Кажа дека секој предмет носи посебни елементи кои треба да бидат разгледани бидејќи сепак е одлука на вишиот јавен обвинител, но и судот треба да ја прифати жалбата на основното јавно обвинителство, тогаш би требало повеќе да се дискутира за причините.

Заменик претседателот на Советот г-дин Башким Бесими кажа дека Годишниот извештај на ВЈО Скопје ги содржи сите битни елементи и податоци, дека ја дава вистинската слика за работата на основните јавни обвинителства од ова подрачје како и на ВЈО Скопје, воедно кажа дека ќе гласа за истиот.

Откако никој не зема збор Раководителот на ВЈО Скопје г-ѓа Наташа Крстевска Цалева ја напушти седницата.

Заменик претседателот на Советот г-дин Башким Бесими го стави на гласање Годишниот извештај на Вишото јавно обвинителство Скопје за 2024 година. Едногласно со десет гласа ЗА беше усвоен Годишниот извештај на Вишото јавно обвинителство Скопје за 2024 година, со подрачните основни јавни обвинителства.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија согласно член 9 алинеа 13 од Законот за Советот на јавните обвинители го разгледа и позитивно го оцени Извештајот за работа на ВЈО Скопје, со подрачните основни јавни обвинителства (Скопје, Куманово, Гевгелија, Велес, Кавадарци и Крива Паланка) за 2024 година.**

Под точката два од дневниот ред, Заменик претседателот на Советот г-дин Башким Бесими му даде збор на Основниот јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција-Скопје г-дин Ислам Абази.

Основниот јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција-Скопје г-дин Ислам Абази во своето излагање ги запозна членовите на Советот со содржината на Годишниот извештај на ОЈО ГОКК Скопје за 2024 година, како и со извештајот на Одделението за истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициско овластување и припадници на затворската полиција. Истакна дека Годишниот извештај претходно бил доставен до Советот на јавните обвинители на РСМ, како и на секој член од Советот на запознавање и разгледување, по што го образложи истиот и ги запозна членовите на Советот со вкупниот број на предмети и видот на кривични дела за извештајната 2024 година по кои постапувало ова јавно

обвинителство. Истакна дека обвинителството не работи со вкупен број на јавни обвинители кои се предвидени согласно систематизацијата за ова јавно обвинителство и дека има недостаток од стручна служба од 39 лица. Наведе дека со подршка на Амбасадата на САД набавена е ИТ софтверска современа опрема за потребите на лабараторијата на истражниот центар. Членовите на Советот беа запознаени со буџетот за работа на ова јавно обвинителство кој изнесува 9% од вкупниот буџет на јавцното обвинителство на РСМ. Кажа дека јавните обвинители во ОЈО ГОКК Скопје за извештајната 2024 година постапувале професионално и стручно.

Откако ОЈО на ОЈО ГОКК Скопје г-дин Ислам Абази заврши со излагањето на Годишниот извештај за ОЈО ГОКК-Скопје, Заменикот претседателот на Советот г-дин Башким Бесими му се заблагодари за опсежното излагање на Годишниот извештај и воедно отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема г-ѓа Марјана Илиеска кажа дека извештајот е изработен стручно и професионално, дека ги содржи сите потребни податоци од каде може да се извлече заклучок за обемот и квалитетот на сработените предмети во ова јавно обвинителство од страна на јавните обвинители. Воедно постави прашање во однос на обвиненијата и донесените одлуки од страна на судот по поднесени обвиненија дали се заведени во уписник КОПС или во КО.

Основниот јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција-Скопје г-дин Ислам Абази даде појаснување во кој уписник се заведени одлуки, а во кој пресудите.

Г-ѓа Светлана Стојковиќ како координатор за подрачјето на ВЈО Скопје истакна дека Годишниот извештај на ОЈО ГОКК е добро сработен, дека истиот е обемен, прегледен, дека содржи многу податоци кои се прикажани со табели и графикони. Се осврна на намалениот обем на поднесени кривични пријави споредено со 2023 година за 14%, а бројката на решени предмети видно не се зголемила, запраша дали тоа се должи на недоволната екипираност во ова јавно обвинителство или има некоја друга причина.

Основниот јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција-Скопје г-дин Ислам Абази кажа дека во ова јавно обвинителство имало застој на нерешени стари предмети, така што се ставило акцент на хронолошки решавање на предметите, а потоа ова јавно обвинителство повеќе се сконцентрилало на предмети со злосторнички здруженија криминални групи и има доста обвиненија против криминални групи и тие предмети бараат повеќе ангажман од страна на јавните обвинители. Кажа дека се фокусираат на предмети каде има перење на пари и финансиски криминал што смета дека е значајно за државата во овој период истите да бидат решени.

Заменик претседателот на Советот г-дин Башким Бесими истакна дека Годишниот извештај на ОЈО ГОКК Скопје ги содржи сите битни елементи и податоци, дека дава вистинска слика за работата на ова јавно обвинителство и кажа дека ќе гласа за истиот.

Откако никој не зема збор по оваа точка од дневниот ред ОЈО на ОЈО ГОКК г-дин Ислам Абази ја напушти седницата, по што членовите на Советот пристапија кон гласање за усвојување на Годишниот извештај

на ОЈО ГОКК Скопје за 2024 година. Со 10 гласа ЗА едногласно беше усвоен Годишниот извештај на ОЈО ГОКК Скопје за 2024 година.

**Закчучок: Советот на јавните обвинители на РСМ согласно чл.9 алинеа 13 од Законот за Советот на јавните обвинители го разгледа и позитивно го оцени извештајот на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција Скопје за 2024 година.**

Под точка три од дневниот ред Заменик претседателот на Советот г-дин Башким Бесими ги извести членовите на Советот дека на 18.01.2026 година на ОЈО на ОЈО Скопје му истекува мандатот како шеф на ова јавно обвинителство и од тие причини Советот има законска обврска да донесе одлука за објавување на оглас за избор на Основен јавен обвинител на ОЈО Скопје. Воедно отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Откако никој не зема збор Заменик претседателот на Советот г-дин Башким Бесими предлогот за донесување на одлука за објавување на оглас за избор на Основен јавен обвинител на ОЈО Скопје го стави на гласање. Истиот едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука за објавување на оглас за избор на Основен јавен обвинител на ОЈО Скопје.**

Под точка четири од дневниот ред Заменик претседателот на Советот г-дин Башким Бесими ги извести членовите на Советот дека на 18.01.2026 година на ОЈО на ОЈО Тетово му истекува мандатот како шеф на ова јавно обвинителство и од тие причини Советот има законска обврска да донесе одлука за објавување на оглас за избор на Основен јавен обвинител на ОЈО Тетово. Воедно отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Откако никој не зема збор Заменик претседателот на Советот г-дин Башким Бесими предлогот за донесување на одлука за објавување на оглас за избор на Основен јавен обвинител на ОЈО Тетово го стави на гласање. Истиот едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука за објавување на оглас за избор на Основен јавен обвинител на ОЈО Тетово.**

Под точка разно од дневниот ред членот на Советот г-ѓа Зорица Павловиќ ги запозна членовите на Советот со содржинана на анонимната претставка поднесена против работата на јавен обвинител во ОЈО Битола, воедно кажа дека била добиено информација од страна на ВЈО на ВЈО Битола каде било увидено дека по предметот било постапувано нестручно и несовесно од страна на јавниот обвинител. Предложи предметот да биде доставен до ЈОРСМ на понатамошно постапување.

Пред да се помине на точката шест од дневниот ред, Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љупчо Коцевски ја напушти седницата. Откако Јавниот обвинител на РСМ ја напушти седницата, Заменик претседателот на Советот г-дин Башким Бесими предложи Советот да донесе одлука за формирање на Комисија за разгледување на дисциплински предмети СОЖ бр.4/25 и СОЖ бр.5/25.

Воедно за членови на Комисијата за предметот СОЖ бр.4/25 предложи да бидат: г-ѓа Јелена Догазанска Колева, г-ѓа Зорица Павловиќ и г-дин Фатих Алиу. За предметот СОЖ бр.5/25 за членови на Комисијата ги предложи: г-ѓа Марјана Илиеска, г-ѓа Душица Димитриеска и г-ѓа Светлана Стојковиќ.

Предлогот на Заменик претседателот на Советот г-дин Башким Бесими едногласно беше прифатен и усвоен од страна на членовите на Советот.

Откако никој не зема збор, Заменик претседателот на Советот г-дин Башким Бесими ја заклучи триесет и првата седница на Советот.

Записникот го водел
Генерален Секретар
Аспарух Мисајловски

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Заменик Претседател**
**Башким Бесими**